ЖИТИЈА

Тропарь, глас 1.

Помози в бедах и утеши в скорбех, пастырю добрый, отче Алексие,
подвигом бо старчества миру просиял еси,
веру и любовь Христову во мраце беззаконий исповедал еси,
болезнуя сердцем о всех притекающих к тебе.
И ныне моли Бога за ны, любовию чтущия тя.

СВЕТОСТ ВО НАШЕТО ВРЕМЕ

Светители од нашето време, сведоци за тоа дека пламената вера на раните христијански светии сѐ уште ѝ дава топлина на земјата во време кога љубовта кај многумина олади. Во ова издание на списанието „Премин“ ќе проговориме за некои од нив чиј спомен се слави во овој период.

# ДОБРИТЕ ПАСТИРИ НА СТАДОТО ХРИСТОВО

Руската Помесна Православна Црква на 17 мај годинава се обедини после речиси 9 децении поделеност. На политичките превирања од тоа време нема да се задржиме; тие се само рамките во кои многу христољубиви души дадоа добар одговор на прашањето: „Ме љубиш ли?“ (Јован 21). И Господ им даде обилна благодат уште на земјата. Нему единствено Му се познати сите тие нови небожители. Верните на кои по благодат Божја им беше дадено да Го препознаат во нив вообличениот Прволик, ги воспочитаа уште за време на нивниот земен живот; Црквата некои од нив и официјално ги приброи кон Соборот на Светите.
Во 1896 година во Москва, односно во Адамовка, дојдоа на свет идните големи подвижници, молитвеници и пастири - светиот владика Јован (Максимович) и светиот старец Софрониј (Сахаров). И двајцата Го сведочеа Христос надвор од својата родина, простирајќи ја својата пастирска грижа и молитвена закрила не само над своите еднородни браќа, туку бивајќи им „на сите сѐ“. Роден неколку децении пред нив, еден московски свештеник, о. Алексиј, во тие исти пост-револуционерни времиња смирено го носеше својот крст во Русија. Осум години беше служел секојдневно Литургија во празен храм, без верници, не паѓајќи во малодушност и неверие. Господ ја награди неговата верност со обилна благодат, па околу смирениот пастир во малечката црквичка се собра големо стадо, меѓу нив и такви што беа отпаднале од Бога. И великиот архиереј, и светогорскиот старец, и парохискиот свештеник Го следеа Добриот Пастир до самозаборав, за што сведочат и нивните житија. Многубројни се нивните аскетски подвизи, а особено вдахновува нивното длабоко смирение. Владиката до последен момент се сметаше за недостоен да застане 'на место и во образ Христов'; интелектуалец и ерудит, о. Софрониј заради своето смирение во необразованиот селанец (старец Силуан) препозна Светител; о. Алексиј, навредуван, велеше: „Кога луѓето ни укажуваат на недостатоците што ние самите не ги забележуваме, тие ни помагаат да се бориме со своето самољубие“. Смирено, безропотно и со благодарност примија сѐ што им прати Господ. Искусија навреди, гонења, негирања, па дури и губење на благодатта и чувство на 'богооставеност', но при сето тоа останаа во молитвена заедница со Бога, покривајќи ги со љубов и своите непријатели. Двајцата канонизирани светители, шангајскиот чудотворец и московскиот старец, Бог ги прослави со дар на прозорливост, дар на чудотворство, нетлени мошти. Светогорскиот старец го доби реткиот дар Божји на непрестајна молитва и 'духовно слово' што вдахновува многу боготрагатели од нашето време. По нивните свети молитви, Господи Исусе Христе помилуј нѐ!

Московскиот старец **Алексиј Мечев** е роден на 30 март 1859 година, во благочестиво семејство на диригент на соборниот Чудов црковен хор. Свети Филарет Московски му го даде името по светиот Алексиј, човек Божји. Добросрдечен, со тивок и мирољубив карактер, во игра со другите деца наеднаш стануваше сериозен, затворајќи се во себе од бучната радост. Иако со голема желба да стане лекар та најплодотворно да им служи на луѓето, од послушност се потчини на мајчината волја и стана свештеник. Подоцна сфати дека го најде својот вистински позив. Како псалт помина тешко искушение. Настојателот на храмот, човек со крут карактер, наложуваше на него преголеми задолженија, се однесуваше грубо, а знаеше и да замавне. Алексиј сè поднесуваше безропотно, не жалејќи се, не барајќи преместување во друг храм. Подоцна Му благодареше на Бога што му беше дал да помине такво школо, а настојателот Георгиј го помнеше како свој учител. Веќе како свештеник, со солзи на благодарност и љубов го спроведе до гробот. Подоцна о. Алексиј велеше: „Два непријатела имаме: ѓаволчето и *јаштвото*" - отецот така го нарекуваше самољубието, човековото 'јас', кое веднаш штом некој намерно или не ќе го закачне или повреди си ги бара своите права. „Таквите луѓе треба да ги сакаме како добротвори" - ги поучуваше потоа своите духовни чеда.



Во 1884 година се жени со Ана Молчанова и во истата година е ракоположен за ѓакон. Станувајќи служител во олтарот, ѓаконот Алексиј пројавуваше голема простота, смирение и кротост. Во својата жена тој гледаше другар и прв помошник на патот кон Христос, ги ценеше и слушаше пријателските забелешки на сопругата како што послушникот го слуша својот старец.

На 1 април 1893 година беше ракоположен за свештеник и назначен на служба во храмот на свети Николај Чудотворец во Маросејка - црквичка со мала парохија, во чија непосредна близина се извишуваа големи, добро посетени храмови. Отец Алексиј, за разлика од другите мали московски храмови, во својата црквичка воведе секојдневна богослужба. Не ја загуби ревноста ниту падна во малодушност иако осум години служеше во празна црква и другите свештеници му велеа дека напразно се труди. Со текот на времето се расчу низ Москва дека во Маросејка може секој ден да се исповедаш и причестиш. Намачените, обременетите со животни проблеми, паднатите луѓе поитаа во црквичката. Од нив се пронесе глас за нејзиниот добар старешина.



По смртта на сопругата, праведниот о. Јован Кронштадски го благослови на подвигот на старчество, за кој беше подготвен со многуте години вистински подвижнички живот. „Биди со народот, влези во туѓата мака, земи ја на себе и тогаш ќе видиш дека твојата беда е безначајна во споредба со општата" - му рече великиот пастир. Отец Алексиј доби од Бога благодатен дар на прозорливост. Луѓето забележуваа дека му е познат сиот нивен живот, како надворешните случувања, така и внатрешните стремежи, мисли. По своето длабоко смирение секогаш се стремеше да не ја покажува полнотата на тој дар. Совет даваше само еднаш. Доколку советуваниот противречи, настојува на своето, о. Алексиј се повлекуваше од понатамошен разговор, не објаснуваше до што ќе доведе неразумната желба, дури и не го повторуваше првобитно реченото. На луѓето, пак, кои доаѓаа со чувство на покајание и изобилна доверба, тој им укажуваше молитвена помош, застапувајќи се за нив пред Господ за избавување од маките и неволјите.

Отецот при храмот отвори основно црковно-парохиско училиште и прифатилиште за сирачиња и деца на сиромашни. Во текот на 13 години беше и вероучител во приватна женска гимназија. Благослови свое духовно чедо да иконописа и на тој начин помогна во возобновувањето на стариот руски иконопис, веќе неколку векови заборавен. Проповедите му беа прости, искрени, не се одликуваа со красноречивост. Кажаното ги трогнуваше срцата со длабочината на верата, справедливоста, сфаќањето на животот. Ги повикуваше своите духовни чеда да се молат на опелата: „Кога ќе застанеш пред Бога, сите тие (покојните) ќе ги кренат рацете за тебе и ти ќе се спасиш". Бројот на верници во храмот сè повеќе се зголемуваше. Особено после 1917 година, кога отпаднатите од Црквата, после многубројни искусени неволји, протекнаа во храмот со надеж на Божја помош. Се појави немалубројна младина, студенти кои сфатија дека револуцијата место ветените блага донесе нови беди, и тие сега се стремеа да ги усвојат законите на духовниот живот.



Во младите свештенослужители, меѓу кои беше и син му Сергеј (свештеномаченик), имаше помошници во вероучењето, беседите, организирањето курсеви за изучување на богослужењето. Но, пред неговата куќичка стоеја бескрајни редици на оние што бараа благослов, совет; бремето му беше сè потешко.

Современите оптински подвижници, сега канонизирани Светители, му беа духовни пријатели; московјаните кои доаѓаа кај нив ги праќаа кај светиот старец, нему велејќи му дека во подвигот што ги надминува човечките сили - долгите и ревносни служби, бескрајните редици за исповед и Причест - обилно е поткрепен од Бога. Светиот патријарх Тихон му го довери делото на обединување на московскиот клир.

Старецот мирно се упокои на 22 јуни 1923 година. Службите за покојникот и оние што дојдоа да се простат со него беа многубројни. На спроводот до Лазаревските гробишта дојде и светиот Тихон, кој тукушто беше ослободен од затвор. По десет години, кога заради затворањето на „Лазаревски" останките на о. Алексиј и Ана беа пренесени на други гробишта, се откри дека телото му е нетлено. Многумина притекнуваат на гробот по благодатна помош и ја добиваат. Во 2000 година старецот Алексиј беше причислен кон Соборот на Светите. Моштите му беа пренесени во црквичката на свети Николај во Маросејка. Споменот му се слави на 22 јуни.




**Свети Јован Шангајски** е роден на 17 јуни, 1896 година, во Адамовка, Харковска губернија, со крстено име Михаил - по светиот Архангел. Како дете често одеше во блискиот манастир, каде што почиваа чудотворните мошти на свет архиепископ кој за време на животот бил почитуван заради своето исклучително подвижништво - често останувајќи без сон и одмор, поминувајќи ги ноќите неподвижно, во молитва. Свети Јован стана ист таков голем подвижник; немаше спиено во кревет од моментот кога ги даде монашките завети па сè до своето упокојување 40 години подоцна. Јадеше само еднаш дневно, еден час пред полноќ. За време на првата и последната седмица од Великиот пост воопшто не земаше храна, а во останатото време од Постот се поткрепуваше само со просфора од олтарот. Често одеше бос дури и во најстудените денови.

По Октомвриската револуција, заедно со семејството најде засолниште во Белград, каде што се запиша на Богословскиот факултет. Во 1926, една година по дипломирањето, прими монашки потстриг, добивајќи име по неговиот далечен роднина свети Јован Тоболски. Во ноември истата година го ракоположија за јеромонах. Наскоро почна да работи како професор во Православната семинарија „Свети Јован Богослов" во Битола. Не еднаш тогашниот Битолски владика ќе рече: „Сакате ли да видите жив светија - одете кај отец Јован".

Неговите ученици беа првите на кои им беше откриено големото подвижништво на Владиката. Ноќе забележаа дека тој станува, ги обиколува спалните и се моли над заспаните ученици. „Најпосле се откри дека тој скоро и да не спие, и тоа никогаш во кревет, дозволувајќи си секоја ноќ само час-два неудобен одмор во седечка поза или преклонет на подот, во молитва пред иконите." Остана во овој подвиг до крајот на својот живот, „поробувајќи си го телото" - според зборовите на Апостолот (1 Кор. 9, 27).



На 38-годишна возраст беше воздигнат во епископски чин на 10 јуни, 1934 година, од митрополитот Антониј Храповицки (првиот поглавар на Руската Задгранична Црква). Во своето смирение, свети Јован сè до последниот момент беше сигурен дека по грешка го викнале, дека сигурно бараат некој друг јеромонах Јован, зашто тој имајќи говорна мана сметаше дека не може да служи. „И великиот пророк Мојсеј пелтечеше" - му одговорија.

Беше назначен за надлежен архиереј на Шангајската епархија, Кина. Таму работеше на возобнова на единството меѓу локалните верници од различна националност, како и на изградба на соборен храм и многубројни други цркви и болници. Ги посетуваше болните и оние во затвор, и одеше кај секој тешко болен во кое било време од ноќта и денот за да се помоли крај неговата постела - многумина известуваа за чудотворни исцелувања. Собираше дечиња болни и во неволји од улиците на Шангај и се грижеше за нив во сиропиталиштето што самиот го основа. Го имаше дарот да прозира во иднината, совршувајќи служби за луѓе што се навидум со одлично здравје, а за кои тој знаеше дека им претстои скора смрт. Тој се појави крај постелата на верник пред умирање кој се молеше Владиката да дојде, иако болничкиот персонал одби да го повика. Причести со Светите Христови Тајни една жена што умираше од беснило, а таа веднаш потоа доби напад, устата ѝ се запени и ги поврати Светите Дарови. Знаејќи дека тие не смеат да се фрлат, свети Јован веднаш ги зеде и ги голтна, иако беснилото е многу заразно и смртоносно. Тој рече: „Нема ништо да се случи; ова се Свети Дарови!" - и ја кажа вистината. Секогаш носеше облека од најевтин кинески материјал и често одеше бос, понекогаш давајќи си ги сандалите на некој сиромашен. Владиката служеше Божествена Литургија и се причестуваше со Светите Тајни секојдневно, сè до крајот на својот живот.

Свети Јован служеше и на Филипините кога Русите мораа да ја напуштат Кина. Еден Русин во разговор со Филипинци спомна страв од тајфун, а тие му одговорија дека нема причина за загриженост, бидејќи „вашиот свет човек ви го благословува кампот од сите четири страни секоја ноќ" - а ова се однесуваше на Владиката, зашто ниту еден тајфун не го погоди островот додека тој беше таму. Подоцна живееше и во Париз. Во една од католичките цркви во Париз, свештеникот вака се обидуваше да ги вдахнови младите: „Барате докази, велите дека денес нема ниту чуда ниту светители. Зошто да ви давам теоретски докази, кога денес по улиците на Париз чекори еден светител - свети Јован Босиот (Saint Jean Nus Pieds)".

Најпосле служеше во Сан Франциско. Неговите последни години беа исполнети со многу страдања, судири и клевети; Владиката дури мораше да сведочи на суд, но на крајот вистината победи. Ги претскажа времето и местото на својата смрт, и на 2 јули 1966 година, крај чудотворна Икона на Богородица, тој се упокои во Господ. Многумина известија дека им се јавил на сон или во видение, исполнет со радост и сиот во светлина. Во 1994 година црковната комисија на Руската Задгранична Црква откри дека моштите му се нетлени. Многу верници, молејќи се пред неговите мошти, добиваат исцелување и утеха. Свети Јован Шангајски се слави на 2 јули.

Ин҃ъ тропарь, гласъ а

Свѧтительства дары преумнож
проповѣданіемъ аплωмъ
бдѣніемъ же постомъ и моли
ми вменилсѧ еси,* клеветы
кротостію пріемлѧ.* сегѡ ради
слави чудесы,* ихже обильно
всѣхъ съ вѣрою притекающи
нынѣ спасай насъ молитва
іѡанне досточудне, свѧтителю х

софрониј



Во шеесет и осумте години на својот монашки живот **старец Софрониј (Сахаров)** го следеше патот на особено *истоштение*. Роден е во Москва во 1896-то лето Господово. Уште од најраната младост го интересираа најжешките метафизички прашања. Избувнувањето на Првата светска војна и братоубиствената војна во Русија му го откриваат трагичниот карактер на човековото постоење.

Вдахновен од сеќавањето на смртта, се здобива со опит за бездната на непостоењето, додека истовремено го чувствува и суштествувањето на бескрајното Битие. Немајќи благонаклони услови (заради Револуцијата) да ја практикува својата голема страст, сликарството, заминува за Европа и пристигнува во Париз во 1922 година, каде што за кратко време прави изложба на свои дела во Salon d'Automne и во Salon des Tuileries. Таму се запознава со својот *пат кон Дамаск.* Се отвора кон тајната на Бога како Апсолутно жив и личносен, Кој се јави во плот во личноста на Богочовекот Исус Христос. Со посетата на благодатта ја освестува големината на своите минати и сегашни гревови, го открива она што го разделува од Бога, но и совршенството на кое е повикан човекот. Во очајание и во многу солзи го живее своето второ крштение: *покајанието.* Се нурнува во темнината на пеколот и Бог му се јавува во Својата Светлина. Започнува нов живот, полн со молитва и љубов спрема Христа. Го губи светот и светот го губи него. Наизменичните посети на Божествената Светлина и *сеќавањето на смртта* го спречуваат неговото сликарско творештво. По неколкумесечна внатрешна борба, се одрекува од уметноста и решава да Му го посвети животот на Бога. Се запишува на Богословскиот Институт „Свети Сергеј“ во Париз, кој тукушто бил основан. Сепак, богословските студии не го исполнуваат. Во 1925 година старец Софрониј пристигнува на Света Гора и станува монах во рускиот манастир на свети Пантелејмон. Многу брзо го воспрparallelема дарот на непрестајната молитва. Но, исто така, ја запознава и *смртната и животворна болка на губењето на благодатта. Смртна* - зашто му ја открива неговата ништожност и длабочината на неговиот грев. *Животворна* - зашто е извор на покајание, што го скрушува срцето, ја привлекува Божјата милост и уште поголемата благодат. Духовниот живот на отец Софрониј распространет помеѓу Гетсиманската градина и горната Тавор е *пат на солзи;* внатрешно патешествие помеѓу радоста и безнадежноста, помеѓу богооставеноста и посетите на Светиот Дух.

Сепак, за старец Софрониј Света Гора е најголемиот и решителен настан на неговото постоење, вистински дар на промислата Божја; особено, неговата средба со Блажениот старец Силуан. Во овој смирен човек, кој се молеше и плачеше за целиот свет како за самиот себеси, кој ја живееше на највисок степен љубовта спрема непријателот, старец Софрониј го виде воплотувањето на ипостасното совршенство: човекот, според образ Божји.

По смртта на својот старец во 1938-ма година, заминува во пустина, за да ја провери верноста на својата љубов спрема Бога. Станува пустиножител и духовник на многу манастири и ја вкусува бескрајната слобода на чистата молитва, слободата оданде смртта. Сепак, и во длабочината на својата пештера го слуша пискотот на светот. Бог му дава благодат да се моли за целиот Адам, да учествува со своето срце во страданијата и стравотиите на завојуваното човештво.

Во 1947 година по Божја Промисла ја напушта Света Гора и се враќа во Франција. Следната година го издава она што старец Силуан беше го напишал, заедно со воведот во неговото учење, кое станува класично дело на православниот аскетски живот: „Старец Силуан“.

Привлечени од неговото духовно зрачење, неколкумина припадници на различни националности се собираат околу него во предградието Sainte-Geneviève-des-Bois близу Париз. Тешко болен, изложен на неблагонаклони услови, старец Софрониј не може да се врати на Света Гора. Во 1959 година следен од своите ученици заминува во Англија, каде што го основа манастирот на свети Јован Крстител. Беше општежител и пустиножител. Станува *сведок на Светлината,* во срцето на светот. Го пронајде својот прв дар. Иконописува и пишува книги, меѓу кои и неговата духовна автобиографија во книгите: „Да Го видиме Бога Каков што Он Е“ и „За молитвата“.

Станувајќи вистински носител на православието, истото го пренесува на Запад, одговарајќи му така на неговите проблеми. Во манастирот Златоустовата Литургија е преведена на англиски, а се совршува и на други јазици. Наместо секојдневните богослужби ја востановува Исусовата молитва, тихувана на различни јазици. Во 1988 година длабокото претчувство на отец Софрониј се потврдува, така што делото на неговиот живот е наградено: старец Силуан е признаен за Свет од страна на Цариградската патријаршија.

Приближувајќи се кон крајот на својот земен живот, старец Софрониј во последните неколку години ја чувствува потребата да им го предаде на своите духовни чеда плодот од опитот на неговиот, во Христа, живот. Секоја недела со своето слово ги храни членовите на својот собор и го вдахновува нивниот секојдневен живот, советувајќи ги и поучувајќи ги. Поглавјата што досега се собрани, а кои ги објавуваме во нашето списание, се отсечоци од околу четириесет негови беседи. Делумните записи, сепак, не го оддаваат совршеното богатство на неговото учење. Треба да се присуствува на беседите на старец Софрониј, за да се почувствува молитвеното прегрнување на браќата со неговиот поглед полн со љубов, за да се разбере силата и вдахновението Божјо што го оживуваа неговото слово.

Старец Софрониј се упокои на 11 јули 1993 година. Се надеваме дека Црквата и официјално ќе го приброи кон Соборот на Светите, со канонизација, оној кого Бог уште на земјата го прослави.

софрониј

## ЖИТИЈА




恶。但救我们脱离那那恶者、
们觉免了负我们的人。不要叫我们陷於诱
赐予我等日用之粮。而赦免我等罪债，犹如我
国来临。愿你的旨意承行于地，如于天。求今
在天我等父。我等愿你的名显圣。愿你的

# НОВОМАЧЕНИЦИ

„Мачеништвото, монаштвото, и јуродивоста заради Христос се трите најекстремни начини на одрекување од овој свет и, затоа, начини на живот коишто најблиску го соединуваат човекот со Бога. Дали Духот, Кој од љубов кон Христос го поттикнува човекот екстремно да се одрече од овој свет, ќе ја преточи таа негова љубов во маченички, јуродивски или монашки подвиг - тоа зависело од историските околности во коишто се наоѓала Црквата и од човековиот слободен избор“ (Митрополит струмички г. Наум).

Во својот пролог кон „Новиот Мартиролог“, преподобниот Никодим Светогорец наведува пет причини заради кои на Бога Му е угодно „новите маченици да се јавуваат во нашето време“.

„Прво, за да се обнови целата православна вера. Второ, за неверните да немаат оправдување во Судниот ден. Трето, за мачениците да служат како слава и украс на Православната Црква и како сведоштво против еретиците и за нивно посрамување. Четврто, за да служат како пример на долготрпение на сите православни христијани кои страдаат под тешкото иго на тиранијата. Петто, за тие да внушуваат мажественост, цврстина во срцата на сите христијани кои околностите ги принудуваат да примат мачеништво, а особено за оние на границата на отстапувањето од православната вера да го следат нивниот пример.“

Преподобен Никодим подробно ја разгледува секоја од овие причини, напати проговорувајќи преку новомачениците, откривајќи го на тој начин нивното значење:

1. „Современите христијани читаат за Димитриј, Теодор, Георгиј, Јаков - големите и славни маченици од првите векови на Црквата, кои непоколебливо стоеја во Верата од времето на Христа па сè до Константин Велики. Тие во простотата на својата вера не се сомневаат во вистинитоста на Преданието на Црквата за мачениците, бидејќи верата, како што вели апостол Павле е 'жива претстава за она на кое се надеваме и докажување на она што не се гледа' (Евр. 11, 1). Но, заради временската оддалеченост на првите маченици од нас, може да се јави некое, ако и не неверие, тогаш барем сомневање и соблазна: како тие, слаби и немоќни луѓе, можеле да поднесат толку ужасни маки? И ете, слично на дождот што ги возраѓа за живот изгорените од суша дрвја, и како што новото перје го возобновува орелот што старее (Пс. 102, 5) - така и новите маченици ја зацврстуваат и обновуваат ослабената, исушена, излитена вера на христијаните од нашите дни.“

2. „Скоро сите новомаченици што се родија и одраснаа среде мноштвото неверни сведочеа со голема смелост пред своите владетели и судии дека христијанската вера е права и вистинита. Тие цврсто Го исповедаа Христа како Син Божји, вистинит Бог, Премудрост и Слово Божјо, преку Кого сè стана (Јован 1, 3). Ова исповедништво тие го посведочија не само со својата крв туку и со многуте чуда што Бог преку нив ги направи, за време на нивните маки и после нивната смрт.“

3. „Овие новомаченици се слава и пофалба на Источната Православна Црква и посрамување на иноверните, бидејќи покрај другите клевети со кои непријателите ја напаѓаат Црквата, тие клеветат и дека во неа не се јавиле нови светители или маченици. Нека бидат посрамени гледајќи во оваа книга („Новиот Мартиролог“) дека Источната Православна Црква оди по правиот пат и дека израсна не само преку еден, двајца, тројца, туку преку целото мноштво новомаченици. Овие новомаченици стојат на исто рамниште со првите маченици, не заостанувајќи зад нив ни во смелоста на исповедање на верата пред тираните, ни во јавените знаци и чуда.“

НОВОМАЧЕНИЦИ

4. *„Возљубени и мили браќа наши, народе избран на нашиот Господ Исус Христос, во вашите неволји научете се на трпение од нас, вашите браќа. Мажествено претрпувајќи маченииштво од неверните, ние го наследивме вечното царство и се приброивме кон светите маченици од минатото. И, доколку заради Христа трпите со благодарност биења, затворање, робија, лишувања, неподносливи давачки и други маки на кои сте подложени од власта, како доброволни маченици ќе се доближите до Бога. Зашто, како што вели боговдахновениот Златоуст: 'За маченииштвото се суди не само според извршеното, туку и според намерата'. Човек не станува маченик затоа што го обезглавиле, туку тогаш кога изразува решеност да го прифати маченииштвото дури и ако не претрпи маченички крај* (со други зборови, маченииштвото не е просто смрт од раката на мачители, туку осветена намера да се пострада за верата, дури и ако таа намера не била крунисана со маченичка смрт)."

5. И одново преподобниот Никодим вели во име на новомачениците: *„Доколку се случи неверните да ви завидуваат, да ве клеветат, да ви причинуваат зло или на друг некој начин да ве присилуваат да се откажете од Христос и да ја прифатите нивната вера - вардете се, драги браќа, заради љубовта на Христос, Кој нè искупи со Својата крв. Вардете се заради бесценетото спасение на вашите души. Вардете се да не отстапите од вашата православна вера и да ја примите нивната (еретичка). Не бидете слепи и не претпочитајте ја темнината пред светлината, лагата пред вистината, адот пред Небесата, проклетството пред рајот. Не плашете се од маките, зашто тие на душата ѝ даваат живот. Самиот Господ, бодрејќи ве, вели: 'Не бојте се од оние што го убиваат телото, а душата не можат да ја убијат' (Мат. 10, 28). Да ви кажам, браќа, од што да се плашите: да Го отфрлите Христос и да не Го исповедате отворено. Еве го единственото нешто достојно за страв."* Зашто, како што вели нашиот Старец, одрекувајќи се од Христа, ние ја отфрламе заедницата со Бога и се лишуваме од Неговата благодатна помош.

Додека: „Сите житија на светите маченици во основа го сведочат тоа што можеме да го илустрираме преку житието на кој било од нив: за да не се одрече од Христос и за да го исповеда името Господово, маченикот што е измачуван од друговерниот гонител со полна свест се одрекува од самиот себеси, претпочитајќи ја дури и телесната смрт само за да не го изгуби туку да го восоврши своето единство со Господ. За возврат, од мигот кога го прави изборот и кога се определува да страда заради Христос, на маченикот му се даваат извонредните благодатни дарови својствени за највисокиот духовен степен 'обожение': и 'непрестајната умносрдечна молитва', и 'гледањето на несоздадената светлина', и 'грабнувањето на умот' и 'тело духовно', и 'дар на чудотворство', и 'љубов и кон непријателите'. Таа благодат му помага да го доврши натчовечкиот подвиг и да го посведочи името Господово со смелост и непоколебано" (Митрополит струмички г. Наум).

Тропа́рь ст҃ы́мъ первому́ченикѡмъ кита́йскимъ, гла́съ е҃.

Въ странѣ̀ ꙗ҆зы́честѣй вѣ́рою правосла́вною просвѣти́стеся

и҆ вма́лѣ въ вѣ́рѣ пожи́вше ц҃р̑твїе вѣ́чное наслѣ́довасте,

ч҃тото́ю нра́вовъ хр҃тїа́нскихъ лжеблагоче́стїе конфуцїа́нское посра́мисте,

и҆ бѣсодохнове́нный буддíзмъ попра́сте ꙗ҆́кѡ у҆ме́ты,

кро́вїю ва́шею зе́млю кита́йскую ѡ҆свѧща́юще:

## Новомачениците во 20 век

„Во 20 век за верата загинаа повеќе христијани отколку во сите претходни векови."

(Salzburger Nachrichten, Австрија, 5 септември, 1998)

На самиот премин од 19 во 20 век, на денот на светиот апостол Вартоломеј, далечната Кина ги даде првите маченици - сведоци Христови. Нивното страдање имаше голем одѕив во Православието ширум светот. Органот на Цариградската патријаршија, „Црковна вистина", по повод гонењата на христијаните во Кина, напиша: „Крвта на мачениците секогаш беше семе од кое во незнабожечките земји израснаа Црквите Божји и се разви христијанскиот живот. Го молиме Бога и ова крваво гонење што во Кина го претрпе малечката гранка на Православието да послужи: прво, како извор на неослабната вера и мажественост за оние ревносни дејци на евангелската проповед во Кина и за нивното мало стадо Христово - православната кинеска паства; второ, како основа за понатамошни успеси на верата и Царството Божјо во Кина во слава и на Тој Кој рече: 'И ќе биде проповедано Евангелието во целиот свет'; и уште, 'Многумина од Исток и Запад ќе дојдат и ќе седнат со Авраама и Исаака во Царството Небесно'."

## Корените на кинеското православие

Исполнувајќи ја Господовата заповед за проповед на вистината на сите народи, светиот апостол Тома дојде „дури до крајот на светот" - до земјите на денешна Кина, каде што многумина приведе кон Христа. Апостолот Тома е прв меѓу Небесните заштитници на Кина, кој и денес вознесува молитви пред Престолот Господов да се зачува и просветли земјата нему доверена, исто како и мноштвото кинески новомаченици, кои пострадаа од богоборците во 20 век.

Додека присуството на Западните христијански цркви е многу добро познат факт, многумина не знаат дека и Православната Црква исто така е присутна во оваа земја повеќе од 300 години. Православието допре до Кина со источното проширување на Руското Царство преку Сибирскиот далечен исток во 1651 година, повеќе од еден век пред пристигнувањето на првите протестантски мисионери. Во пограничните пресметки во регионот на реката Амур меѓу трупите на тогаш владеачката Квинг династија и рускиот цар, Кинезите во 1685 година заробија Руси, меѓу кои и свештеникот Максим Леонтиев. По мировниот договор од 1690 година во Нерчинск, заробениците беа ослободени; но некои од нив одлучија да останат таму како кинески граѓани. Царот Канг Хси им даде пагански храм во Пекинг, а православните верници го претворија во православен храм, посветен на Премудроста Божја и во него ставија икона на свети Николај Чудотворец. Црквата подоцна беше преименувана во црква на Успението на Богородица.

Така беше посеано семето на Руската црковна мисија на кинеската земја. За 200 години до Боксерската буна во 1900 година, наспроти католичките и протестантските активни мисионерски потфати, Мисијата успеа да обрати во верата само мал број домородни Кинези, и тоа главно преку мешани бракови со потомците на руските заробеници - Албазинци. (До ова време Албазинците прилично се асимилираа со месното население, после два века соживот. Нивниот надворешен изглед не се разликува многу од поголемиот дел на Хан кинеското население, иако етнички тие себеси се сметаат за Руси по потекло.) Но, Господ го удостои ова малечко стадо со маченички подвиг да Го сведочи Него меѓу своите еднородни незнабожечки браќа, наградувајќи ја нивната вера и верност со изобилна благодат и поткрепа во страдањата.

## Првите христијански маченици меѓу православните Кинези




Длабоко се трогателни страданијата и исповедништвото на 222 нови исповедници и маченици кои ја прославија Кина пред престолот на Севишниот. Житијата на овие новопрославени светители кои во Пекинг пострадаа за верата Христова за време на Боксерската буна или Јихетуан движењето - како што Кинезите го нарекуваат востанието од 1900 година - оригинално се напишани на руски јазик; извадени се од архивите и за првпат отпечатени во изданието на „Кинески благовесник“ од јануари 2000 година. Во ова Боксерско востание, Мисијата од вкупно 1000 изгуби 300 луѓе. Некои од нив се одрекоа од православието, а другите се покажаа како свети исповедници и маченици заради Христа.

Меѓу нив од Кинезите посебно е почитуван свештеникот **Митрофан Ѕи-Чун** со целото свое семејство. Роден е во 1855 година. Рано остана без татко, па го воспитаа баба му Екатерина и мајка му Марина, која беше учителка во женското училиште. Уште пред да наполни 20 години беше вероучител, а на 25-годишна возраст е ракоположен за свештеник од самиот свети Николај Јапонски. Тој никако не сакаше да го прими свештеничкиот чин и постојано одбиваше, велејќи: „Како да се осмели малку способен и малку добродетелен човек да го прими овој голем чин?“ Но, од послушност кон Црквата, се потчини.

Во 1900 година, на 14 јуни, вечерта, просториите на Мисијата беа запалени од Боксерите. Многумина од христијаните, криејќи се, се собраа во домот на свештеникот Митрофан. Меѓу нив беа и поранешните непријатели на о. Митрофан, од кои беше претрпел многу неволји. И како што порано, кроток и молчалив, не се оправдуваше, така и сега, незлобивиот, им даде закрила, од послушност кон Оној што ни заповеда љубов и кон непријателите (Мат. 5, 44). Гледајќи дека некои паѓаат во малодушност, тој ги поткрепуваше, велејќи дека дошло времето на неволји што тешко дека ќе може да се избегнат. На денот во кој од страна на Боксерите и Кинезите незнабожци маченички пострадаа неговите православни браќа Кинези христијани, о. Митрофан ним им беше ангел-утешител, кој ги бодреше и тешеше пред да го задобијат венецот на славата.

На 23 јуни вечерта војниците и Боксерите го опкружија домот на о. Митрофан. Во тоа време таму беа собрани околу седумдесет христијани. Некои побегнаа, а оние што беа подготвени да ги примат маченичките венци, меѓу кои старецот Митрофан и многу жени и деца, останаа и беа мачени. Боксерите му ги избодоа градите на о. Митрофан, а јеромонахот Аврамиј го зеде телото на свештеникот и во 1903 година, кога за првпат се празнуваше споменот на овие маченици, телото заедно со други беше положено под олтарот на двоспратната камена црква посветена на мачениците. На местото каде што маченички пострада, сега е поставен крст и на празникот на мачениците (24 јуни) тука поминува Литија и се служи Помен.

Многу е впечатливо житието на 8-годишниот **Јован**. Кога го убија о. Митрофан, Боксерите на Јован му ги расекоа рамениците и му ги отсекоа ножните прсти, носот и ушите. Свршеничката на брат му, Марија, му го спаси животот. Наредниот ден, без облека и обувки, тој седеше на влезот и на прашањето на луѓето дали го боли, одговараше - не. Децата му се потсмеваа, нарекувајќи го „ер-мао-ѕа“, што значи „следбеник на ѓаволот“. Но, тој одговараше: „Јас сум следбеник на Христос Бог“. Јован бараше вода кај соседите, но тие не само што не му ја даваа, туку и го бркаа. Иако раните беа многу длабоки, момчето не чувствуваше болка и кога повторно го фатија, не покажуваше страв. Придружуван од потсмев и навреди од страна на своите сограѓани безбожници, беше воден како јагне на клање. Божјата благодат, која му беше дадена на малечкиот исповедник во изобилство, го направи нечувствителен за сè од овој свет - раните, потсмевот, стравот од идни мачења. Љубовта Христова го вдахнови со радост да чекори во пресрет на смртта.

19-годишната **Марија**, свршеничка на синот на о. Митрофан, дојде во куќата на отецот два дена пред Боксерскиот погром, сакајќи да умре во семејството на својот свршеник. Кога Боксерите ја опколија куќата на о. Митрофан на 23 јуни, таа со голема мажественост им помагаше на оние што не беа подготвени за маченичество да побегнат од раката на гонителите. Иако другиот син на о. Митрофан, Сергеј, трипати се обидуваше да ја убеди и таа да побегне и да се скрие, Христовата следбеничка одговараше: „Се родив покрај црквата на Пресвета Богородица, тука и ќе умрам“. Ја претпочиташе смртта како заминување во местото на блажениот покој. Таа смело ги разобличуваше војниците и Боксерите за нечовечното мачење на христијаните, кога тие ја провалија вратата и влегоа во дворот. Безбожниците беа стаписани од необичната храброст на младата девојка и не ја убија. Но, раните што ѝ ги нанесоа беа претешки и таа маченички го заврши својот земен живот.

Меѓу постраданите за Христос имаше и Албазинци, потомци на оние славни Албазинци што ја донесоа светлоста на Христовата православна вера во 1685 година во главниот град на Кина, Пекинг, и ја сочуваа верноста кон неа. За верност кон светото православие Господ ги награди нивните потомци со славата на маченичество и исповедништво. Климент Куј Лин, Матеј Хај Цјуан, неговиот брат Вит, Ана Жуј и многу други Албазинци, не плашејќи се од оние што го убиваат телото, а не можат да ги убијат душите (Мат. 10, 28), без страв ги дочекаа своите мачења и својата смрт заради Спасителот на светот, молејќи Го Бога за просветлување на гонителите и за простување на нивните гревови.

Опишувајќи ја нивната маченичка смрт, архимандрит Аврамиј додава: „Упокој ги, Господи, душите на твоите слуги - ереј Митрофан и постраданите со него - и нека им биде вечен споменот!“ Ние денес велиме: „По нивните свети молитви, Господи Исусе Христе помилуј нè!“



подготвиле:
сестрите од манастирот на Пресвета Богородица Елеуса, Велјуса